РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ВАСИЛЕВО
Општина Василево
Бр. 10 - 1300/4
05.10 20. 22 год.
Василево

Василево, 2411 Василево
Тел. 034/354-444
Тел.факс. 034/353-007
**E-mail:**
**opstina_vasilevo@yahoo.co.uk**
**gradonacalnik@opstinavasilevo.gov.mk**
**www.opstinavasilevo.gov.mk**

Врз основа на член 62 став 10 и член 35 став 3 од законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ бр.32/20),член 50 точка 4 од законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/02),
Градоначалникот на Општина Василево го дава следново:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

За организирање на јавен увид на изработен Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи ,погони и бази за производство на асфалт и бетон на КП бр.1003,КП бр.1004 и КП бр.1006, КО Доброшинци-Вонград,Општина Василево тех.бр 2260/21 од мај 2021 година.

Изработувач на Урбанистичкиот проект е Друштво за проектирање ВИЗУРА увоз-извоз ДООЕЛ Струмица,Лиценца бр.0031 издадена на 11.09.2019 г. што е во согласност со законските одредби.

Вкупна површина на проектниот опфат од 28 543.15м$^2$.

Проектна документација се изработува по прифатена иницијатива за изработка на урбанистичка документација од страна на Комисијата за урбанизам на Општина Василево и одобрена Проектна програма.

Јавниот увид на : Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објекти со намена лесна градежна индустрија со производство на градежни елементи и производи ,погони и бази за производство на асфалт и бетон на КП бр.1003,КП бр.1004 и КП бр.1006, КО Доброшинци-Вонград,Општина Василево тех.бр 2260/21 од мај 2021 година. Ќе се спроведе со објава на Урбанистичкиот проект на официјалната web страна на Општина Василево: **www.opstinavasilevo.gov.mk**

Јавниот увид ќе трае 15 дена од објавувањето на Соопштението,започнувајќи од **07.10.2022г до 27.10.2022год.**

Во споменатиот период,заинтресираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе може да доставуваат писмени забелешки,предлози и анкетни листови до Општина Василево.

**Општина Василево**
Градоначалник
Славе Андонов